# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1962 24 MAY 2024 FREE



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


## ДА СЕ ЗАБРАНИ КОРИСТЕЊЕ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ЗА ДЕЦА ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ

## ГОЛЕМИ ТУРБУЛЕНЦИИ НА ЛЕТОТ ОД ЛОНДОН КОН СИНГАПУР: ЕДНО ЛИЦЕ ПОЧИНА, ПОВЕЌЕ СЕ ПОВРЕДЕНИ





## УАПСЕН ВРХОВНИОТ СУДИЈА НАЌЕ ГЕОРГИЕВ:

# ФАТЕН Е ВО МОМЕНТОТ ДОДЕКА ЗЕМА МИТО




**ВИСОКО ПОЗИЦИОНИРАНИ ФУНКЦИОНЕРИ ДРЖАВАТА СИ ЈА ТРЕТИРААТ КАКО ДУЌАН, СО ПРЕСТАПНИЦИТЕ ТРГУВААТ ПРАВДИНА И ВЛИЈАНИЈА. АКО УСПЕЕ ПРЕСМЕТКАТА СО НИВ ТОГАШ И ПОНИСКИТЕ ЕШАЛОНИ ОД БИРОКРАТИЈАТА ЌЕ СЕ ФАТАТ ЗА РАБОТА НАМЕСТО СО СМИСЛУВАЊЕ ТРИКОВИ ЗА „ДА НАПРАВАТ ПАРИ“**

## Македонци во дијаспората правете место:

# Секој трет во Македонија размислува да се исели

Секој трет човек во Македонија размислува да се исели од државата, покажува последното истражување на јавното мислење кое за редакцијата на „Детектор“ (ТВ „Сител“) го спроведе Институтот за политички истражувања Скопје. 32,3% од анкетираните рекле дека размислуваат или некогаш размислувале да се иселат од државата додека 63,6% не размислувале на оваа тема.

Споредбата со анкетите од претходните години кои исто така ги спроведуваше ИПИС не покажуваат некои значителни промени во ставовите на граѓаните. Во сите анкети во последните 5 години, процентот на граѓани кои размислувале или размислуваат да се иселат е над 30%.

Но изненадува фактот што за иселување најмногу размислуваат луѓето меѓу 40 и 49 години каде 42,5% рекле дека имале или се уште имаат планови да ја напуштат државата. Слични бројки од 42,2% граѓани кои размислуваат да се иселат има и во возрасната група меѓу 30 и 39 години додека кај најмладите, оние кои имаат под 30 години 37,8% размислувале или размислуваат да се иселат од државата.

За иселување граѓаните најчесто се решаваат поради повисоки плати (17,2%), подобри услови за работа (15,7%) и подобри можности кои им се нудат на децата (12,2%) како и подобриот здравствен и образовен систем кој го нудат странските земји (11,5%).

Најпосакувана дестинација за преселба се земјите од Европската унија. 42,7% од граѓаните рекле дека ако решат да се иселат, би се преселиле во некоја од земјите членки на ЕУ, 6,1% би се селеле во САД или Канада, 4,4% од Австралија или Нов Зеланд а 4,9% би одбрале некој друг дел од светот.

Годинава има еден интересен податок: етничките Македонци речиси 90% сметаат дека иселувањето денес е поинтензивно, додека кај етничките Албанци 65% се согласуваат ама 35% сметаат дека веќе се намалува!?

2/3 од граѓани веќе имаат некој близок кој се преселил во странство. Споредбата со анкетите од последните 5 години покажува дека бројот на граѓани кои имаат свои блиски кои се иселиле од Македонија скокнал од 60% лани на 66,6% оваа година.

Во таа насока очекуван е и одговорот на граѓаните на МКД дека пред 5 години се живеело подобро од денеска. Ваков став делат 53% од анкетираните. 8,6% велат дека сега живеат подобро од пред 5 години додека 35,7% не чувствуваат никаква промена.



Новина е што дури и лица со етаблирани бизниси сакаат да се иселат

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
PUBLISHED BY:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au



# Грчки „Еџиан ерлајнс“ се премисли, нема да лета од Скопје до Крф

Укинат е летот од Скопје до островот Крф, кој требаше да го реализира грчкиот авиопревозник „Еџиан ерлајнс“ од 1 јуни, а се намалуваат и летовите Скопје–Атина.

Летовите од Скопје за Крф требаше да се одржуваат двапати неделно во вторник и сабота, а Скопје–Атина да се одвива плус во среда и недела наутро.

Авиопревозникот ја запре продажбата на билети за планираната нова линија и во ревидираниот распоред на „Еџијан“ летовите до Крф целосно се укинати, а ги нема ниту дополнително најавените летови Атина-Скопје.

Сообраќајот меѓу двата главни града ќе остане на 5 лета неделно, почнувајќи од 4 јуни. Од „Еџиан ерлајнс“ за МИА велат дека откажувањата се од комерцијални а не од политички причини.

# На „Водовод“ му ја исклучиле струјата за неплатени сметки - дел од Скопје остана без вода



Делови од Скопје, особено повисоките места од градот во вторникот снемаа вода, бидејќи на градското претпријатие „Водовод и канализација“ му беше исклучена струјата. А поради исклучената струја не работеа пумпите кои треба водата да ја однесат до повисоките точки од градот. ЕВН ги исклучило сите деловници и управната зграда на „Водовод“ поради неплатени сметки за струја (!?) а по барање на снабдувачот „Енерџи активе“ од Скопје. ЈП „Водовод и канализација“ на први септември 2023 склучило договор со фирмата „Енерџи активе“ од Скопје за набавка на струја. Договорот е со траење од една година и е со вредност од околу А$11.4 милиони.

Според неофицијални информации ова ЈП има голем долг и веќе извесен период добивало опомени пред исклучување. Најновиот директор на „Водовод“, Виктор Панчевски, кого градоначалничката Данела Арсовска го постави во февруари, не одговараше на телефонски повици.






ГОЛЕМИ ТУРБУЛЕНЦИИ НА ЛЕТОТ ОД ЛОНДОН КОН СИНГАПУР:

# Едно лице почина, повеќе се повредени



Британецот Џеф Кичен (73) почина а 23 се повредени на лет на „Сингапур ерлајнс“ по „големи турбуленции“ додека се движеше од Лондон кон Сингапур пред да биде пренасочен кон Бангкок. Официјалните лица рекоа дека седуммина претрпеле сериозни повреди на главата.

„Можеме да потврдиме дека има повредени и една жртва во Боингот 777-300ER. Во авионот имало вкупно 211 патници од кои 56 се од Австралија и 18 членови на екипажот“, објави авиокомпанијата.

Околу 11 часа од полетувањето во Лондон авионот влегол во воздушен џеб и неговата брзина и висина наеднаш остро паднала, предизвикувајќи хаос во кабината и принудувајќи го на итно слетување во Бангкок.

Авионот пропаднал цели 1.800 метри.

Преплашените патници опишаа како добиле предупредување да се врзат пред авионот ненадејно да пропадне, а еден патник рекол дека луѓето се удирале со главата во таванот на авионот кога почнал да паѓа.

Генералниот директор на аеродромот во Бангкок, Суварнабхуми Китипонг Китикачорн, на прес-конференција изјави дека починатиот 73-годишен Британец патувал со неговата сопруга.

„Доживеал срцев удар“, изјави службеникот.

Австралиските власти соопштија дека меѓу повредените од авионот има осуммина наши сонародници.

Г.Г. СТЕФАН:

# Условите кои ни се поставуваат за томос се неприфатливи за нас



Архиепископот охридски и македонски г.г Стефан вели дека се неприфатливи условите што Вселенската патријаршија и ги поставува на Македонската православна црква – Охридска Архиепископија за да и додели томос за афтокефалност.

Прашан кога ќе биде доделен томосот, тој за штипската телевизија ТВ Стар одговори – кога ќе се исполни времето.

- Тоа не може да се претпостави. Може да биде и утре, а може да биде и задутре. Така што ние да ја чуваме црквата, да ја градиме црквата, да градиме односи и релации со другите помесни православни цркви. Тоа ќе дојде кога ќе се исполни времето како што порачува и апостолот Павле, вели г.г. Стефан.

Прашан што конкретно се бара од македонската црква, тој рече дека биле поставени неприфатливи услови.

- Вселенската патријаршија, која не упатуваше на тоа и за што впрочем се потпишани сите православни цркви во Шамбези дека така треба тоа да се случува, не прифати во заедничко сослужување во канонско единство со сите православни цркви. Ако ни даде томос ние ќе го прифатиме, но условите кои ни се поставуваат се неприфатливи за нас: откажување од името македонска православна црква, отстапување на македонската дијаспора и признавање на украинската црква која ја призна Цариград, рече архиепископот македонски г.г. Стефан.

Поглаварот на МПЦ-ОА понатаму ги коментираше невозможните услови посебно:

- Името ние си го имаме, тоа име е наше на никој друг не припаѓа и затоа не треба никој да бара да се откажуваме ние од нашето име, а името на нашата црква е Македонската православна црква, возобновена Охридска архиепископија - затоа се содржани и двете имиња во името на нашата црква. Дијаспората кога ќе превземат од сите други народи православни кои имаат своја дијаспора тогаш нека биде и нашава, но тоа прашање тешко ќе биде реализирано односно одговорено во позитивна насока кон барањата на Цариградската патријашрија, одговори г.г. Стефан.

МИЦОТАКИС:

# Пријателите во Македонија да сфатат дека заврши предизборниот период



Мислам дека нашите пријатели во Македонија треба да сфатат дека заврши предизборниот период, дојдено е време веќе да станат сериозни, да го почитуваат меѓународниот договор, доколку ги интересира да останат на европскиот пат, порача грчкиот премиер Кирјакос Мицотакис говорејќи за телевизијата „Опен“, јави дописничката на МИА од Атина.

- Кога имаме прашања, како на пример со нашите северни соседи, ги решаваме со сериозност, јасно поставувајќи црвени линии, разјаснувајќи дека Договорот од Преспа треба да се почитува, иако не се согласувавме со многу негови аспекти и дека во прашањето за името ние во никој случај нема да отстапиме. Името на земјата е „С. Македонија“ и сè додека некои продолжуваат да ја именуваат „Република Македонија“ да знаете дека ќе бидеме наспроти нив, рече Мицотакис.

Атина ќе почека да види што ќе се случува по формирањто на новата влада во Скопје.

Грчкиот премиер посочи дека прашањата во Договорот што се однесуваат на името не се менуваат, но дека „постои можност за разговараме за идната на договорот“ и истакна дека она што тие можат да го сторат е да извршат „голем притисок врз Скопје и врз власта да сфатат дека оваа политика на крајот ќе ги одведе во меѓународна изолација и мислам дека не го сакаат тоа“.

- Грција во овој момент не е изолирана, Скопје е изолирано. И мислам дека на крај ќе сфатат дека оваа политика е безизлезна и верувам дека ќе се прилагодат на притисоците што ќе им бидат извршени и мислам дека е добро тоа, бидејќи ние сакаме добри односи со нашиот северен сосед, истакна Мицотакис.

За меморандумите што сè уште не се ратификувани уште еднаш го повтори ставот дека „на Грција ѝ се потребни додатни преговарачки оружја“, а токму трите протоколи, според Мицотакис, ја засилуваат грчката позиција и се дипломатско оружје.




# Пронашол огромна грутка злато во Викторија





Австралиец со евтин детектор за метал пронашол камен тежок 4.6 килограми во кој се наоѓало злато кое е проценето на A$240.000. Човекот, кој не сакаше да биде именуван, ја нашол грутката во Викторијанските полиња кои беа срцето на златната треска во *Австралија* во 1800-тите.

**Дарен Камп**, кој го проценил и купил примерокот, вели, тоа е најголемата грутка што ја видел во неговата 43-годишна кариера. „*Бев запрепастен. Ова е нешто што се случува еднаш во животот*" - изјавил тој.

**Камп** не придавал големо значење кога човек со голем ранец влегол во неговата продавница во *Џилонг*, која се наоѓа југозападно од *Мелбурн*.

„*Обично луѓето доаѓаат со лажно злато или други камења кои личат на злато. Ми ја додаде грутка в рече и ме праша: „Што мислите, дали ова вреди A$10.000? „Го погледнав и одговорив: „Обиди се A$100.000*". Пронаоѓачот рекол тоа е само половина од тоа што го ископал. Севкупно, грутката тешка 4.6 килограми содржела 83 унци или околу 2.6 килограми злато. Откако го процени, **Камп** го купи од него. Вели среќникот се радувал, бидејќи парите ќе ги потроши на семејството. Ми рече: „*О, жена ми ќе биде среќна*". Иако ваквите откритија се ретки, се проценува дека во *Австралија* се наоѓаат најголемите светски резерви на злато, и токму тука се направени најмногу откритија.

# Да се забрани користење социјални медиуми за деца помлади од 14 години




*Јужна Австралија* почна да презема чекори за забрана на социјалните медиуми за деца помлади од 14 години, бидејќи родителите и законодавците се загрижени поради алармантните штетни ефекти на дигиталните платформи врз развојот на децата.

Државната влада го назначи поранешниот претседател на Врховниот суд, судијата **Роберт Френч**, да спроведе правен преглед на можната забрана на кориснички налози за деца, овој правен експерт би требало да поднесе извештај за регулаторните и техничките начини кои владата би можела да ги следи за да ја воведе оваа забрана.

Со воведување на забраната, владината политика исто така ќе бара и родителска согласност за користење на социјалните платформи за децата на возраст од 14 и 15 години.

Овие измени на законот, доколку се воведат, би можеле да ја направат *Јужна Австралија* првата држава што ќе спроведе таква забрана.

Премиерот на *Јужна Австралија*, **Питер Малинаускас**, татко на четири деца, рече дека притисокот за предлозите доаѓа од се поголем број докази кои покажуваат јасна поврзаност меѓу употребата на социјалните мрежи и штетните ефекти врз развојот на децата. „*Како и повеќето родители, и јас сум загрижен за влијанието на социјалните мрежи врз децата во нашата заедница. Експертите презентираа низа докази за несаканите влијанија на социјалните мрежи врз децата, нивното ментално здравје и развој. Решен сум ние како влада да направиме се што можеме за да ги заштитиме нашите деца*" - рече тој.

Анкетата која во 2024 година ја спроведе Австралиската служба за ментално здравје *ReachOut* покажа дека социјалните медиуми се главен проблем за родителите и старателите кога станува збор за развојот на нивните деца, при што 59 отсто од нив изразиле загриженост, децата да ги користат социјални медиуми, а 55 отсто од нив изјавиле дека социјалните медиуми значително влијаат на благосостојбата на нивните деца. Платформите на социјалните медиуми како *Фејсбук, Истаграм, X* и *ТикТок* се широко распространети, популарни и лесно достапни за децата.

**Соња Рајан**, извршна директорка на Фондацијата *Карли Рајан*, рече социјалните мрежи претставуваат „значителен ризик од штетни последици" за децата „*Децата немаат животно искуство ниту когнитивни извршни функции со кои би можеле да размислуваат за штетни ситуации на Интернет и понекогаш поради тоа се доведуваат во реален физички ризик*" - рече таа. „*Децата се изложени на штетни содржини, вклучувајќи опасни вирални трендови, порнографија, онлајн предатори кои сакаат сексуално да ги искористат, сајбер-малтретирање и сексуални изнуди.*

*Бројни студии покажаа дека употребата на социјалните мрежи кај помалите деца е поврзана со штетни ефекти, вклучувајќи нереални очекувања и перцепции кои можат да доведат до екстремна депресија, анксиозност, недоволен сон, ниска самодоверба, негативна слика за своето тело, нарушувања во исхраната и малтретирање на Интернет. „Верувам, единствениот начин на кој можеме да напредуваме е со носење соодветно законодавство со кое би ги заштитиле нашите деца од овие штетни ефекти и би ги регулирале големите технолошки компании да вклучат задолжителна проверка на возраста на своите платформи*" - вели таа.

Овие притисоци дојдоа во време на се пожестока национална дебата за улогата и влијанието на социјалните медиуми во општеството, на се поголема лутина поради одлуката на компанијата *Мета* да се откаже од кодексот „*News Media Bargaining*" и пролиферација на насилни слики и видеа на социјалните платформи.

Сојузната влада има намера да основа заеднички парламентарен одбор кои би го истражувал „*влијанието и ефектите на социјалните медиуми врз австралиското општество*". „*Социјалните медиуми се начин на поврзување на милиони Австралијци, и начин на кој имаат пристап до вести и преку кои се водат мали бизниси*" - изјави **Мишел Роланд**, министерка за комуникации, која минатата недела најави нова парламентарна истрага. „*Компаниите сопственици на социјални медиуми имаат голем досег и контрола над тоа што Австралијците го гледаат, и се без надзор или тој е многу мал. Во нашата демократија, важно е граѓаните на Австралија да имаат пристап до квалитетно новинарство од јавен интерес, вклучувајќи ги и социјалните медиуми. Еднострание одлуки кои го намалуваат квалитетот на вестите им штетат на сите.*"




**Др. Сузана Котевска**
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР

ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР

Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

### ЗА ДА СЕ ОСЛОБОДАТ БОЛНИЦИТЕ:

# Дополнителни 29 клиники за итна медицинска нега

Лабуристите ќе вложат $227 милиони за отворање дополнителни 29 клиники за итна медицинска нега ширум *Австралија*, во рамки на поширок пакет мерки за здравствена заштита во вредност од неколку милијарди долари. И покрај слабиот почеток на отворањето на овие клиники и загриженоста за работното време, 58 клиники кои наплаќаат услуги во пакет забележаа речиси 400.000 посети откако беа отворени ширум земја минатиот јули.




Осмислени се да го намалат притисокот врз итните служби, сите осигуреници на *Медикер* таму можат да побараат доктор или медицинска сестра за итни случаи, болести кои не се опасни по живот, како што се полесни повреди или инфекции на дишните патишта. **Марк Батлер**, министер за здравство изјави дека овие центри работат како што е предвидено, секое второ лице кое ги посетува овие центри изјавило дека инаку би отишло во одделот за итни случаи ако не постоела опцијата за примање медицинска грижа преку ваква клиника. *„Клиниките за итна медицинска нега на Медикер веќе го исполнуваат своето ветување со тоа што обезбедува австралијците да можат да дојдат и да добијат итна нега, брзо и бесплатно.*

*Овие клиники на Медикер во голема мера им помогнаат на пациентите, но и ги ослободија службите за итни случаи*" - рече тој. *„Со поголем број клиники за итна медицинска грижа на повеќе локации, и се што му е потребно на пациентот е Медикер картичка*", изјави **Батлер**. Се уште не е одлучено каде ќе бидат сместени новите клиники. Досега, секоја трета посета била за деца помлади од 15 години, а над третина од посетите на клиники биле по 17 часот во текот на неделата или за време на викендите. Но, во последниот круг на проценки на Сенатот, беше откриено дека повеќето од нив не успеале да ја постигнале целта да бидат отворени од 8 до 22 часот седум дена во неделата, само 16 клиники го исполниле овој критериум од 9 февруари. Работното време на голем број клиники е од 8 до 20 часот од понеделник до недела, додека некои клиники работат од 8 до 22 часот во текот на неделата, но не и за викенд. Останатите работат со скратено работно време за викенд, вклучувајќи ја и клиника во *Олбери* во регионалниот *Нов Јужен Велс*, која моментално се рекламира со работно време од четири часа во сабота и недела. Клиниката во *Девонпорт, Тасманија* моментално работи само од 14 до 22 часот седум дена во неделата. Министерот **Батлер** потврди дека од новиот буџет ќе се одвојат $8.5 милијарди за нови медицински услуги и ќе се даде дополнително финансирање на клиниките во регионалните, руралните и оддалечени делови на *Австралија*.

## САД бара екстрадиција на пилот што давал воени тајни на Пекинг

Соединетите Американски Држави бараат од Австралија да екстрадира поранешен американски воен пилот обвинет за обука на кинески воени пилоти како да слетаат на носачи на авиони. Даниел Дуган исто така е поврзан со кинескиот хакер Су Бин, кој во 2016 година признал дека хакирал големи американски производители на оружје и украл нацрти за воени авиони. Адвокатот на 55-годишниот Дуган тврди неговиот клиент дека тоа го сторил несвесно, се наведува во судската пријава. Дуган ги негира обвинувањата дека ги прекршил американските закони за контрола на оружјето. Американецот се наоѓа во австралиски затвор со максимална безбедност откако беше уапсен во 2022 година, кога се вратил од шестгодишен деловен престој во Пекинг. Американските власти пронајдоа преписка со Дуган на електронски уреди што ги конфискуваа од Су Бин, изјави адвокатот на Дуган во поднесокот до австралискиот јавен обвинител. Пораките покажуваат дека кинескиот хакер му го платил патувањето на Дуган од Австралија до Пекинг во мај 2012 година, според документите за екстрадиција кои САД ги поднесе до австралискиот суд. Дуган со Су Бин се запознал како посредник при вработување за кинеската државна авиокомпанија AVIC, напиша неговиот адвокат, а случајот со хакирањето „нема никаква врска со нашиот клиент".

## Сечат неколку векови стари дрвја за да имаат богаташите поубав поглед кон Сиднеј

Властите во *Сиднеј* се соочуваат со вандализам, илегална сеча и уништување стари, стогодишни дрвја во најбогатите предградија на најнаселениот град во *Австралија*, за купувачите на недвижности во луксузните предградија да им се ослободи поглед на заливот во *Сиднеј* и центарот на градот. Алчноста за што поголема заработка од продажбата на недвижности со поглед на пристаништето во *Сиднеј* поттикнува вандализам, така што не е невообичаено да се видат маскирани луѓе да се прикрадат ноќе до стогодишните дрва со пили во рацете. Виден е човек, под превезот на ноќта, кој наводно се обидел да исече девет стогодишни смокви на плажата *Балморал*.

*„Станувам многу емотивна. Ги затворам очите и едноставно не можам да го замислам Балморал без тие дрва*" - вели **Каролин Кориган**, советник на локалната општина. Во последните неколку месеци, стотици дрвја во *Балморал* и други скапи и ексклузивни предградија на *Сиднеј* беа безмилосно исечени, дупчени и отруени за да се отвори поглед на пристаништето и драстично да се зголеми вредноста на недвижностите.

*„Тоа е себичност и алчност, нема друг начин тоа да се опише. Всушност, тоа е најлошото во човековата природа*" - вели **Џон Моратели**, кој предводи група за заштита на животната средина. Во *Австралија*, законите кои ги спроведуваат локалните власти одредуваат како и кога може да се отстранат дрвјата.




## СО УАПСЕНИОТ СУДИЈА ОСОМНИЧЕН Е И ИЏЕТ МЕМЕТИ, ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ



Покрај уапсениот судија Наќе Георгиев, приведен е и Иџет Мемети , член на Советот на јавни обвинители. Со судска наредба истражителите од ОЈО за гонење организиран криминал и од МВР влегле и во неговиот дом во Тетово, но и во канцелариите на Советот на јавни обвинители.

Постои основано сомнение дека со ветувања оти можат да влијаат и да помогнат на обвинети и осудени, Георгиев и Мемети делувале во шема, а продавале и информации од кривични постапки за осомничени и за обвинети лица.

Иџет Мемети беше во два мандати или цели 16 години народен правобранител (2004-2020). Тој е и поранешен министер за правда, уставен судија, државен советник во Владата и член на Државната изборна комисија. Моментно е член на Советот на јавни обвинители предложен и гласан од парламентарното мнозинство.

По неговото приведување од полицијата ОЈО вели дека нема доволно докази за да побара и за него притвор. Се бараат поблаги мерки за обезбедување: одземање на пасошот и редовно јавување во Судот.

Ќерка му се запиша и заврши Академија за судии, сега очекува да ја изберат за судија. Нејзиниот сопруг исто така завршил Академија, сега е обвинител во Гостивар.

Иџет Мемети следниот ден (во вторникот) дошол на работа. Ги собрал членовите на Советот, ги убедувал дека немал врска со уапсениот врховен судија Наќе Георгиев.

„Не знам што правел Наќе, јас немам врска со него, а не сум ни бил со него кога го фатиле со парите", ги убедувал Мемети колегите, пренесуваат дел од медиумите во Македонија.

# УАПСЕН ВРХОВНИОТ СУДИЈА НАЌЕ ГЕОРГИЕВ, ФАТЕН Е ВО МОМЕНТОТ ДОДЕКА ЗЕМА МИТО




***Кога државата ти е дуќан: „Криминалци повелете - ќе се договориме!?"***

Врховниот судија Наќе Георгиев е уапсен во моментот кога земал мито од 10.000 евра „за да му заврши работа", односно услуга на обвинет.

„На 20 мај лишен од слобода е судија од Врховниот суд поради сомневања за сторено кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание". Судијата е лишен од слобода на лице место при извршување на кривичното дело. Се чекаат натамошни насоки од надлежен јавен обвинител", соопшти МВР.

Според неофицијални информации од извори во истрагата, тој ветувал олеснителни мерки во судската постапка која се води против екс градоначалникот на Ново Село, Боро Стојчев, кој беше повторно уапсен овој пат за шверц на марихуана (првиот пат шверцуваше цигари преку граница со Бугарија). На средбата меѓу Георгиев и обвинетиот бил и човек од правосудството, член на Советот на јавни обвинители. Се работело за договор за признание на вина, т.е. за гаранција од Наќе Георгиев дека за паричен надомест може да помогне во спогодбата да издејствува најблага казна за обвинетиот.

Георгиев наводно веќе извесно време бил под посебни истражни мерки. Неофицијално синот на екс градоначалникот Стојчев, кој одлежува затворска казна, е лицето кое го пријавило врховниот судија. Парите (тие 10.000 евра) биле бележени од полицијата.

Името на Наќе Георгиев со години се провлекува во медиумите како пример за корупција, но досега постојано беше „перен" од сета кал.

Како претседател на Апелациониот суд Штип група апелациони судии од овој суд беа разрешени, а за истото несовесно работење за чудо само Георгиев беше поштеден. Потоа претставката против него се најде дополнително пред Судскиот совет, но групата која направи пуч со незаконската смена на претседателката Весна Дамева комплетно го исчисти Георгиев и му овозможи дури да се кандидира за член на Судскиот совет. Тој во меѓувреме (во 2020) дури беше и избран во Врховниот суд.

За да има поголемо влијание се кандидираше и за член на Судскиот совет. Во знак на бојкот поради тоа што му се дозволи таа кандидатура, другите врховни судии го бојкотираа огласот и не се кандидираа за местото, освен Наќе Георгиев. Сам на кандидатската листа, практично тој се самоизбра за член на Судскиот совет (гласачките ливчиња од другите колеги беа со чкртаници, значи неважечки). Но дента кога требаше да даде заклетва во парламентот мораше да се откаже, оти со син му се најдоа пред прекршување на законите. Имено, синот требаше истиот ден да го бираат за кривичен судија, па требаше да остане или таткото или тој. Таткото Георгиев мораше да се повлече од член на Судскиот совет и да се врати во Врховниот суд.

Сопругата на Наќе Георгиев е обвинителка во ОЈО Струмица но тоа не е против законот зашто се забранува сопружници да бидат истовремени во судството или во обвинителството но нема забрана едниот да е судија а другиот обвинител.

### Судскиот совет му го одзеде имунитетот на судијата Георгиев, одреден му е 30-дневен притвор

Судскиот совет истиот ден на полноќ свика седница на која одлучи да му го одземе имунитетот на врховниот судија Наќе Георгиев и воедно одлучи да ја одобри мерката притвор што претходно беше побарана од Јавното обвинителство.

„Се одзема имунитетот на врховен судија заради непречено водење на кривичната постапка. Се одобрува барањето за одобрување на мерката притвор за судија на Врховен суд поднесено од судија на претходна постапка на Основниот кривичен суд Скопје. Времено се одалечува од вршењето функција судија на Врховниот суд до правосилно решавање на кривичната постапка", соопштија експресно од Судскиот совет. Одлуката е изгласана едногласно со 10 гласа „за". Јавноста беше исклучена од оваа седница.

Судија на претходна постапка потоа му определи 30-дневен притвор.

Група истражители извршиле претрес не само во канцеларијата на врховниот судија во Скопје туку и во куќата Струмица, од каде што е Наќе Георгиев.

Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Веljановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Дали ќе се раскинува договорот со “Бехтел&Енка” од над милијарда евра?




Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски најави дека за договорот со „Бехтел и Енка“ планот на неговата идна влада ќе биде да не се реализира на начинот на кој е веќе потпишан.

- За договорот со „Бехтел и Енка“ има две опции. Едната е да се раскине договорот и да се оди на арбитража, да платиме стотици милиони евра и да немаме автопат, а втората е да се оптимизира договорот за што веќе имаме почетни разговори, со што би се забрзал и реализирал проектот. Ние сме повеќе за прагматичниот пристап, граѓаните да добијат автопат, но оптимиран, но ваков каков што е, потпишан од оваа влада, за жал, е во одредена мерка неприменлив поради големите правни проблеми, проблеми со експропријација и технички проблеми, рече Мицкоски и порача дека како идна влада “сакаме да градиме, а не да уриваме”.

Проектот за изградба на 110 километри на четири делници од Коридорите 8 и 10д е вреден над 1,3 милијарди евра (плус 300 милиони евра за експропријација). И ден денес не е јасно како се дошло до оваа сума кога не постои ниту пресметка, ниту проект, ниту траса...

Од „Европскиот фронт“, предводен од ДУИ, се огласија со соопштение во кое децидно нагласуваат дека раскинување на договорот со „Бехтел и Енка“ е неприфатлив и невозможен чин.

### Милијардата ќе биде европска, но не унгарска

За другата милијарда евра, кредит по договор “влада со влада”, Мицкоски тврди дека не станува збор ниту за пари пд Унгарија ниту за пари од Азија. Тој го најави овој финансиаки пакет по победата на изборите кога рече дека ќе биде под поволни услови и со ниска камата.

## Прегласување: „Вреди“ доби мандат во 6ИЕ на сметка на „Европскиот фронт“, во 5ИЕ нема промени



По прегласувањето во средата коалицијата „Вреди“ му „зема“ пратеник на „Европскиот фронт“ во Шестата изборна единица. Во Петата изборна единица нема измени во мандатите. Му остана пратеникот на ДУИ.

Повторување на гласањето имаше на вкупно седум избирачки места (едно во 6ИЕ и шест во 5ИЕ).

Во 5ИЕ Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ добила 371 глас повеќе. СДСМ, пак, 236 гласови помалку. „Европскиот фронт“ на ДУИ освоил 265 гласови плус, додека во минус се „Вреди“ со 274 гласови, ЗНАМ со 86 и Левица со 76 гласови помалку.

Коалицијата „Европски фронт“ сега има 18 (10 се на ДУИ) а коалицијата „Вреди“ 14 пратеници.

Во средата, на седница на ИО на СДСМ, Димитар Ковачевски си поднесе оставка од лидерската функција во партијата.

## Дента кога е уапсен врховниот судија „Боро Марлборо“ веќе бил осуден со спогодба



Боро Стојчев на 20 мај спогодбено е осуден во случајот за марихуаната. Според информациите од Кривичниот суд, тој признал вина и претходно се спогодил со Обвинителството да одлежи 5 години и 3 месеци затвор, а Судот ја прифати спогодбата. На таа пресуда нема право на жалба.

Стојчев и уште девет други луѓе беа уапсени пред 2,5 месеци во акцијата под кодно име „Чибук“ за организирање, набавка, продажба и пуштање во промет на марихуана во периодот од октомври 2023 до март 2024. При претресите на повеќе локации низ земјата, кај осомничените биле пронајдени пари и скоро 100 кила марихуана, која делумно била набавувана и од фирми за производство на медицински канабис.

**ПРИЛЕПСКО ОРЕОВЕЦ НА НОЗЕ:**

## Минирањата ќе ни ја секнат водата од изворите на Бабуна!



Да престанат минирањата на Бехтел и Енка, поради кои ни се уриваат куќите, а во опасност се и изворите на питка вода за Прилеп. Со вакви барања неколку недели протестираат жителите на прилепското села Ореовец, кои го блокираа локалниот пат кон селото не дозволувајќи на механизацијата да влезе кон градилиштето.

Тие обвинуваат дека никој не ги известил оти Бехтел и Енка тука ќе врши ископ на чакал за тампонирање, за изградба на автопатите до коридорите 8 и 10Д.

Жителите велат дека од минирањето еден од девете извори на вода за пиење на градот Прилеп е неупотреблив. Во опасност се и ректите инсекти кои ги има во овој предел, но и црквата, која веќе е оштетена.

Од Државни патишта велат дека ископот е согласно добиените лиценци, одобренија и концесии. Негираат дека минирањата се вршат толку блиску до селските куќи.

„Најблискиот објект од местото на минирање е оддалечен точно 706 метри, во која точка се поставени мерни инструменти кои мерат бучава и вибрации, согласно кои може да се види дека и вибрациите и бучавата се минимални“ - велат од Државни патишта.

Во меѓувреме, жителите на Ореовец поднесоа претставка до Уставниот суд, со која ќе бараат преиспитување на законот кој на „Бехтел и Енка“ им овозможува минирање, а од судот ќе бараат проценка на досегашните штети.

Пред неколку месеци жителите на гостиварските села Горна и Долна Бањица протестираа против изградбата на базата на „Бехтел и Енка, поради која им се одзеде земјоделско земјиште.



# РУШЕЊЕТО НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО ТЕТОВО Е КАУБОЈСКО САМОВЛАСТИЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН ИМОТ

Владата во заминување на последната седница донесе одлука да се запре изградбата на стадионот во Тетово поради сомнежи за неправилности, но градоначалникот Биљал Касами пркосно одби да послуша. Владата побара и да се разгледаат правните насоки за покренување кривична пријава до надлежните поради незаконитости при изградбата. Градоначалникот на Општина Тетово, Биљал Касами, пред почетокот на изборната кампања, најави изградбата на нов фудбалски стадион во Тетово на местото на постојниот и веднаш започна со негово рушење.

Но Даријан Сотировски, актуелен директор на Комисијата за односи со верските заедници, кој е и жител на Тетово вели дека рушењето на постојниот Градски стадион претставува уништување на државен имот од страна на Општина Тетово.

Каде е проблемот?

Имено, Владата на Македонија во август 2015 година донела одлука со која Градскиот стадион во Тетово го доделила на трајно користење на Општина Тетово. А на 27.09.2023 година Советот на Општина Тетово донел одлука со која стадионот го доделил на трајно користење на Јавното претпријатие „Тетово транспорт". Но, согласно законите Општината Тетово нема право да го дава на друг субјект стадионот



*Градскиот стадион е отворен во 1981 година кога ФК „Тетекс" влезе во Првата југословенска фудбалска лига*

бидејќи и самата го добила на користење а не во трајна сопственост од Владата. Во случајов предавањето на друг субјект е право само на Владата.

- Корисникот нема сопственост, а со тоа ниту ги ужива правата на сопственик, односно не смее да ја менува или располага ствaрта која ја користи, уште помалку смее со багер истата да ја руши, или да ја пренесе на друг за тој да ја сруши. Тоа е каубојско самовластие и уништување на државен имот, вели Сотировски и ваквото однесување на Општината претставува уништување на државен имот.

- Друг проблем е што во моментов не постои Одобрение за градење, ниту Решение за рушење, ниту соодветни елаборати. Издадено е само Решение за подготвителни работи на инвеститорот „Тетово транспорт" кој нема законски засновано корисничко право, а кое подразбира само оградување на објектот и поставување помошни објекти. Рушењето на објектот кое го започна и лично градоначалникот на општината е досега невиден чин на уништување на државен имот, посочува Сотировски.

Градскиот стадион е отворен во 1981 година кога ФК „Тетекс" влезе во Првата југословенска фудбалска лига, и тогаш тој стадион се сметаше меѓу од најубавите во државата и имаше капацитет од над 15.000 седишта. Стадионот го градеше тогашниот текстилен гигант Волнарскиот комбинат „Тетекс", а во изградбата учествуваше и Република Македонија.

Од Општина Тетово велат дека реконструкцијата ќе чини околу 10 милиони евра.

## Касами „уво не го боли" за оваа Влада, ја чека следната

Тетовскиот градоначалник Биљал Касами пет пари не дава за наредбата од Владата предводена од Таљат Џафери.

- Вашите денови се избројани, со вакви одлуки не не спречувате да работиме за нашите граѓани. Стадионот ќе се гради, и да не ви се допаѓа. Тетово и сите градови во државата ќе се градат и развиваат како што заслужуваат, одговори на одлуката донесена на Влада.

Тој додава дека иако доби пратенички мандат сепак ќе остане градоначалник на Тетово. Нема да оди ниту во министри.

- Јас останувам да го водам Тетово затоа што веќе го имам поминато половина од мандатот. Има многу работи кои се започнати во овој период и треба да се завршат.

На прашањето колку министерства како „Влен" преговараат во идната коалиција со ВМРО-ДПМНЕ тој одговара:

- Ние можеме да бараме и половина влада, а и да ни се понуди многу малку. На крај ќе дојдеме до најсоодветното за сите партнери кои ќе бидат дел од Владата, а во интерес на граѓаните. Во минатото имало многу министерства предводени од Албанци кои не сработиле добро и доволно ниту за граѓаните Македонци, ниту за граѓаните Албанци.




# Палевски донесен во Судот, ги негира убиствата на Вања и Панче



Кривичниот суд во Скопје го потврди 30-дневниот притвор за Љупчо Палевски, првоосомничениот за убиството на 14-годишната Вања Ѓорчевска и 74-годишниот Панче Жежовски, кој за првпат беше изведен пред судија во претходна постапка по пристигнувањето од Турција, од каде беше екстрадиран на 15 мај, за да се изјасни за притворот кој му беше одреден во негово отсуство.

Додека полицијата врзан и со наведната глава го спроведуваше до скопскиот Кривичен суд, тој на прашања од новинарите дали ги извршил убиствата и дали ќе се брани со молчење одговори „не".

Потоа, на излегување од Кривиниот суд дофрли уште: „не сум бил во бегство, не смеам да говорам поради истрагата".

„По исказот на осомничениот во присуство на бранител по службена должност, судијата за претходна постапка донесе решение со кое на осомничениот му определи мерка притвор во траење од 30 дена, кој започнува од денот на приемот во Истражниот затвор Скопје", стои во соопштението од Судот.

Љупчо Палевски Палчо од притворот во Шутка писмено побарал адвокати во судскиот процес да му бидат Тони Менкиновски, Славчо Секуловски или Јовица Страшевски. Ниту еден од нив не прифати да му биде бранител, па затоа судот му додели адвокат по службена должност.

# ФАКТОР: Кој направи преку 30 милиони евра добивка од изградба на станови лани?

**ДОБИВКИ НА ГРАДЕЖНИ КОМПАНИИ ЗА СТАНОВИ**

| Р.Б. | КОМПАНИИ | ДОБИВКИ (евра) |
|---|---|---|
| 1 | Крмзов-МР Струмица | 9.355.000 |
| 2 | МЕГА Куманово | 3.450.000 |
| 3 | Адора Инженеринг | 3.440.000 |
| 4 | Стентон Градба | 2.546.000 |
| 5 | Акустик Скопје | 2.520.000 |
| 6 | Саник Инженеринг | 2.280.000 |
| 7 | ТРИМ Охрид | 2.265.000 |
| 8 | Голден Арт | 2.222.000 |
| 9 | БИ ХОЛДИНГ Скопје | 2.083.000 |
| 10 | СМС ШОПС Скопје | 1.920.000 |

Околу 32 милиони евра е добивката на најголемите градежни фирми чија основа на бизнисот е изградба на згради за колективно домување во 2023. „Крмзов-МР", на струмичкиот бизнисмен Ристо Крмзов, кој гради станбени комплекс, има убедливо најголема добивка од повеќе од 9 милиони евра.

Во Топ-10 од минатата година се и кумановските „Мега" и „Голден Арт", инаку фирми сопственици на парцели во кругот на поранешната фабрика „Треска" во центарот на Скопје.

Во најдобрите 10 е и „СМС Шопс" Скопје, компанијата на бизнисменот Амар Салиу која ги гради становите во комплексот „East Gate Living" во скопска Автокоманда.

Добропознатата „Адора инженеринг" на Ванчо Чифлиганец е на третото место, а блиску со добивката е битолската „Стентон градба" на Снежа Стојановска, иако заработката на ова друштво треба да се земе со доза на резерва, затоа што приоритетна дејност е изградба на станови, но сепак работи и на проекти од нискоградба и инфраструктура.

# Зголемување на синтетичкиот опијат Нитазен



Здравствените експерти предупредија дека во *Австралија* доаѓа опиоидна криза, бидејќи земјата се соочува со се поголем број опијати што се поврзани со смртни случаи.

Властите предупредија на опасност откога е откриен смртоносниот синтетички опијат без „безбедна доза" кој во се поголеми количини се забележува на нашите граници. Сојузната полиција и пограничните служби излегоа со заедничко предупредување во кое изразија загриженост за контаминација на илегалниот пазар на дроги, кои со себе го носи опијатот *Нитазен*. Нитазени се група нови лекови слични на фентанилот кои предизвикуваат десетици илјади смртни случаи годишно во *САД*, а кои можат да бидат и до 50 пати посилни од него.

Комесарката на сојузната полиција, **Пола Хадсон**, вели д забележани се зголемени обиди да се внесе оваа дрога во земјата, кои при тоа биле запленети. Само во октомври во 22 поштенски пакети се пронајдени 742 таблети од оваа синтетичка дрога. Пред тоа, пограничните сили забележале само две пратки. „Нитазените можат да имаат повеќе форми, вклучувајќи прав, таблети, спреј за нос, дури и течност за електронски цигари. Често се продаваат како кокаин, хероин, МДМА или како лажни други дроги.

Нитазените никогаш не биле одобрени за било каква терапевтска употреба, поради нуспојавите и големиот ризик од предозирање поради моќ слична или поголема од онаа на фентанилот. *"Ја запознаваме заедницата дека не постои безбедна доза кога станува збор за оваа дрога, на тој начин ризикувате со својот живот"* - изјави комесарката **Хадсон**.

Ова предупредување беше издадено само неколку недели откако Министерството за здравство на *Нов Јужен Велс* извести дека *Нитазен* се продава како хероин во централното крајбрежје. Владата на 24 април, предупреди дека е забележано *„зголемување на хоспитализација и приеми во итната помош по употреба на "хероин"*. Во јануари беше објавена хоспитализација на три лица откако конзумирале нешто за кое верувале дека е екстази.

Министерството на *Нов Јужен Велс* изјави дека *Налоксон* е лек кој брзо го поништува предозирање со опијати, и може да се користи при предозирање со Нитазен, но предупредува, тест лентите за фентанил не можат да ја детектираат оваа дрога. Доколку ви е потреба помош поради конзумирање дрога и алкохол, јавете се на следните организации:

***Harm Reduction Australi***a

**Family Drug Support Australia: 1300 368 186**

*National Alcohol and Other Drug Hotline:* ***1800 250 015*** *Lifeline:* ***13 11 14****, СМС пораки* **0477 13 11 14** или онлајн Детска линија за помош: **1800 55 1800**

*Kids Helpline*: **1800 55 1800**

*Beyond Blue:* 1300 22 4636 или *1800RESPECT*: 1800 737 732, *порака* на *0458 737 732* или 13 Yarn: 13 92 76

**MensLine Australia: 1300 78 99 78**

Ако сте во непосредна опасност од дрога или познавате некој кој е, ве молиме јавете се на телефонскиот број **000**.

# На докторот подложен на експериментална терапија не му се враќа туморот на мозокот



Австралискиот лекар **Ричард Сколиер**, кој на почетокот на годината се подложи на експериментална терапија за глиобластом, најагресивниот тумор на мозокот, објави дека магнетната резонанца покажува дека туморот не му се враќа.

**Сколиер** е меѓу најпочитуваните лекари во *Австралија* и оваа година беше прогласен за *„Австралиец на годината"* за неговата работа на лекување на малигни тумори заедно со неговата колешка **Џорџина Лонг**.

Нивното истражување на Институтот за меланом за имунотерапија, кое го користи имунолошкиот систем на телото за да ги нападне клетките на ракот, драматично ги подобри резултатите од лекувањето за пациентите со рак ширум светот во текот на изминатата деценија, зголемувајќи ја стапката на излекување од 10 проценти на 50 проценти.

**Лонг** и нејзиниот тим открилe дека имунотерапијата подобро делува кога се користи одредена комбинација на лекови и кога тие се даваат на пациентот пред операцијата, а тоа е методот на лекување на кој **Сколиер** бил првиот во светот кој се подложил.

Тој е и првиот човек што примил вакцина која е прилагодена на карактеристиките на неговиот тумор, со што го зајакнува ефектот на другите лекови.

По неколкумесечни епилептични напади, проблеми со црниот дроб и пневмонија, **Сколиер** вели дека се чувствува подобро.

*„Тоа секако не значи дека мојот рак е излечен, но убаво е да се знае дека се уште не се вратил, па се уште имам време да уживам во животот со сопругата Кети и трите прекрасни деца"*, објасни **Сколиер**. **Лонг** истакна дека им претстои уште долг пат пред да развијат одобрена терапија.

*„Сè уште не сме стигнале таму. Треба навистина да се фокусираме на тоа да покажеме дека овој предоперативен пристап со комбинирана имунотерапија делува кај голем број луѓе"*, рече **Лонг**.

# Државјанин на Македонија со „богато“ минато уапсен на Пелопонез - киднапирал, ограбувал банки, поседувал оружје...



Четириесет ипетгодишен маж – државјанин на *Македонија* со огромно криминално досие во *Грција* е уапсен во централниот дел на *Пелопонез*. Тој издржувал затворска казна но по добиената неколкудневна дозвола за излез пред три месеци, не се вратил во затвор. Ова лице се споменуваше во грчките медиуми и во минатото дека учествувал во киднапирањето на бродосопственикот **Периклис Панагопулос**, во јануари 2009 година, пренесе *МИА*. Откупот беше 30 милиони евра. Како што соопштија од грчката полиција, македонскиот државјанин е уапсен заедно со уште еден странски државјани, откако двајцата насилно влегле во дом во општина *Триполи на Пелопонез*, под закана со оружје (реплика) и нож и со употреба на сила нападнале три лица, ги врзале, одзеле поголем износ на пари и накит, а потоа се дале во бегство. Едниот веднаш бил уапсен, додека пак другиот успеал да побегне, но по организираната акција на полицијата бил пронајден во планинско подрачје. Двајцата се товарат за учество во криминална организација, кражба, фалсификување, фалсификување потврди, за прекршување на законската регулатива за поседување оружје, додека пак 45-годишниот е обвинет и за бегство од затвор.

Уапсените се превезувале со изнајмен автомобил на кој му ставиле украдени регистарски таблици, а при претресот на возилото било откриено оружјето, како и фалсификувани лична карта и возачка дозвола издадени во *Хрватска*.

Кај двајцата биле пронајдени и украдените пари и накитот.

Според информациите на дописничката на *МИА* од *Атина*, едниот уапсен е Албанец, а другиот, 45-годишниот е државјанин на *Македонија*, кој издржува затворска казна за кражби на банки во *Грција*, извршени пред над десет години.



# Јанчев го прифатил извинувањето од лицето кое му се закануваше, се сликале заедно

**Митко Јанчев**, градоначалникот на Кавадарци, објави дека го прифатил извинувањето на 35-годишниот сограѓанин кој му се закануваше, но дека заканите не се прифатливи како однесување, туку дека низ разговори се решаваат проблемите. Тој го повикал лицето на разговор во својот кабинет. Лицето повторно се извинило, кажало дека е невработено, дека има деца и разни проблеми.

**Јанчев** нагласил дека како градоначалник е отворен за граѓаните кои можат во секое време да му пријадат и да ги изнесат своите проблеми и дека ако е можно, тој ќе се обиде да им помогне. Како што раскажа **Јанчев** за *„Фокус“*, лицето претходно буквално плачело на телефон и се извинувало за тоа што му се заканувало на градоначалникот во локал во *Кавадарци*.

- *Пијан бев, имам лошо пијанство. Многу погрешив. Дома сите сме невработени, имам деца за гледање. Извини премногу,* рекол насилникот по телефон.

Претходната вечер ја загрозил безбедноста на градоначалникот во угостителски објект и му упатувал закани.

– *Ја видел мојата кола надвор пред локалот, па влезе внатре, скрши чаша и почна да ме навредува и да удира на масата. Лицето го знам од видување, зад себе има повеќе конфликтни ситуации и познато ѝ е на полицијата. Случката беше навистина непријатна, не само за мене, туку посебно за луѓето кои беа со мене, чија безбедност исто така беше загрозена. Дојде обезбедувањето, реагираа навремено, но сите во локалот се вознемирија поради искажаната агресија, заканите, викањето... Многу лоша слика* – вели **Јанчев**.

# Сопружници влегле во училиште во Битола, таткото нападнал ученик а мајката ја држела наставничката

Основното јавно обвинителство *Битола* поведе постапка против две лица – маж и жена кои се осомничени дека во група извршиле грубо насилство врз дете родено 2009 година, со што сториле кривично дело – Насилство согласно член 386 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик. Двајцата сопружници на 15 мај влегле во основно училиште во *Битола*, при што таткото физички ја оттурнал наставничката и директно нападнал еден од учениците, соученик на нивното дете, заканувајќи му се дека ќе го убие. Го фатил детето за уво, го стапнал на ногата и го тегнел, а за тоа време неговата сопруга ја држела наставничката за да не може да му помогне и да го одбрани ученикот. Со насилството двајцата предизвикале чувство на несигурност и вознемиреност кај другите ученици, кои од страв кога заминале осомничените барале наставничката да ги заклучи во училницата за да не се вратат. Надлежниот јавен обвинител до судијата на претходна постапка достави предлог за определување куќен притвор за осомничениот татко. Предлогот беше прифатен и на осомничениот му е определен домашен притвор.

# ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



### СОЦИЈАЛНИТЕ СЕКТОРИ ЗА ПОДДРШКА СО РАЗОЧАРУВАЊЕ РЕАГИРААТ:

# Федерален буџет за 2024 година

*Федералниот буџет за 2024/2025 година остави многу вработени во социјалните и секторите за поддршка да се чувствуваат изоставени. Тие велат дека ова е буџет кој не го обезбедува она што им е потребно за најранливите луѓе во заедницата.*



Третиот буџет на сојузниот благајник **Џим Чалмерс** е еден од најинтересните досега. Пред се го карактеризира обидот да им угоди на најранливите Австралијци поради се поголемата инфлација и огромниот раст на трошоците за живот. Од намалување на данокот, преку различни олеснувања, до парични инјекции, тоа би биле некои основни карактеристики на новиот сојузен буџет. Буџетот за 2024-2025 година, кој беше претставен во вторникот, Чалмерс го опиша како „тука и сега" во време на „тешки и кревки глобални услови", како што се долготрајната инфлација и високите каматни стапки. Со суфицит од $9.3 милијарди, д-р **Чалмерс** вети дека владините мерките за олеснување нема да ја зголемат инфлацијата и *Австралија* е меѓу *„најдобро позиционираните економии кои управуваат со овие несигурности и ги максимизираат нашите можности"*.

За австралиските семејства, клучното олеснување на трошоците за живот вклучува додаток за електрична енергија од $300 за сите семејства, и ветување на владата за ревидирани намалувања на данокот во третата фаза.

Меѓутоа, годинешниот буџет содржеше малку за примателите на социјална помош кои бараат зголемување на исплатите или за возачите кои се соочуваат со се повисоки цени на горивото.

### Добитници

Сите домаќинства ќе добијат по $300 за енергетски додаток, што беше едно од најголемите изненадувања во годинешниот буџет. Шемата од $3.5 милијарди, исто така, вклучува попуст од $325 за околу еден милион мали бизниси кои ги исполнуваат условите. Владата ќе инвестира $1.9 милијарди за да ги зголеми максималните стапки на помошта од Комонвелтот за кирии за 10 отсто. Мерката ќе стапи на сила на 20 септември. Познато е дека максималните стапки сега се за 40 отсто повисоки отколку во мај 2022 година.

Владата го одржа ветувањето дека ќе овозможи намалување на данокот на секој даночен обврзник, во просек до $36 неделно, или $1.888 годишно кога ќе ги поднесат своите даночни пријави. Трошоците за лековите кои се издаваат на рецепт, а се наведени во шемата за фармацевтски бенефиции ќе бидат ограничени на $31.60 за следната година, додека трошоците за рецепти за пензионери и сопственици на концесиски картички ќе бидат замрзнати на $7.70 во следните пет години.

Владата се обврза да ги зголеми платите за индиректните и директните работници кои се грижат за стари лица, а точниот износ ќе се одреди кога Комисијата за правична работа ќе ја донесе својата одлука. На работниците кои се грижат за деца, исто така им е ветено зголемување на платите, но не се дадени конкретни податоци.

Во годинешниот буџет има голем број мерки конкретно наменети за жените. Еден од најголемите трошоци за буџетот ќе биде исплата на надоместок за платено родителско отсуство, кој ќе изнесува $1.1 милијарда во тек на четиригодишниот проценет период, со годишни трошоци од $623.1 милиони од јули 2028 година. Владата ќе вложува и во „засолништа" за жени, и ќе им помога на жените кои бегаат од семејно насилство така што ќе ја прошири Програмата за засолнување од насилство за оние што ги исполнува условите со финансиска поддршка до $5.000.

Осумгодишен пакет од $888.1 милиони ќе биде посветен да им овозможи на Австралијците подобар пристап до услугите за ментално здравје. Ова вклучува создавање бесплатни „дигитални услуги", кои ќе бидат достапни на мрежата од 1 јануари 2026 година. Австралијците ќе можат да пристапат до услугата без препорака, а се проценува 150.000 луѓе да пристапуваат секоја година. Владата, исто така, назначи мрежа на центри за ментално здравје при *Медикер* за умерени до тешки потреби, која ќе биде отворена до 30 јуни 2026 година. Сегашниот отпис на имот од $20.000, кој требаше да заврши на 30 јуни годинава, ќе биде продолжен за уште 12 месеци. Еден милион мали бизниси исто така ќе имаат корист и од $325 попустот за енергија, под услов да ги исполнуваат критериумите.

Претпоставените стапки ќе бидат замрзнати на сегашното ниво до 30 јуни 2025 година. Се проценува дека ова ќе им помогне на околу 450.000 пензионери и 876.000 корисници на социјална помош. Владата ќе вложи милијарди долари за помош на клучните индустрии за да го поттикне локалното производство и инвестиции. Ќе се инвестира и во обновливи извори на енергија, вклучувајќи милијарда долари за јакнење на домашните соларни капацитети.

Начинот на кој ќе се индексираат каматите за долговите за високото образование од сега ќе биде врзан за најнискиот индекс на потрошувачките цени или индексот на цените на платите. Промената ќе биде ретроактивна и ќе избрише долг од $3 милијарди за околу три милиони Австралијци. Оние кои го отплатиле долгот




од 30 јуни 2023 година до сега, ќе добијат даночен кредит еднаков на износот што би им го намалил долгот. Владата, исто така, се обврза за околу 73.000 студенти на универзитети и колеџи да обезбеди неделна помош од $320 долари.

Земјоделскиот фонд за идна суша ќе добие поттик од $519.1 милиони за финансирање програми кои ќе им помогнат на земјоделците и регионалните заедници да се подготват за суши и да ја подобрат својата отпорноста на климата. Владата исто така ќе потроши $90.6 милиони за зголемување на бројот на квалификувани работници во градежништвото и станбената индустрија.

### Губитници

И покрај гласните повици до владата да ги зголеми социјалните исплати, луѓето кои добиваат исплати за невработеност нема да добијат никакво зголемување на нивните стапки, кои моментално изнесуваат $55 и $45 на ден. Не се најавени никакви дополнителни мерки за оние кои го купуваат својот прв дом, а буџетот ја повторува потребата на *Австралија* од поголем станбен фонд. Вкупно $6.2 милијарди се наменети за градба на повеќе домови преку низа планови, при што сојузните, државните и територијските влади се обврзаа да изградат 1.2 милиони домови до 2029-30 година според Националниот договор за домување.

На универзитетите им беше кажано да го намалат бројот на странски студенти од околу 15 отсо на речиси пет отсто, и од нив ќе се бара да изградат повеќе наменски кампуси за да се сместат странските студенти. Владата е решена да го преполови нето мигратскиот прилив од 528.000 минатата година на 260.000 следната година, тоа мора да се направи, за да се отстрани притисокот од пазарот на недвижности.

Владата ќе заштеди $1 милијарда во буџетот за 2024-2025 година со намалување на трошоците за консултанти, изведувачи и вработување на работна сила, и ќе се обврзе да даде приоритет да ја обнови австралиската јавна служба. Нема да има промени во акцизите за гориво. Слободно би можело да се каже дека станува збор за повеќе или помалку козметички промени кои нема да ја променат суштината и да го решат проблемот со економијата. Искрено не може да се очекува некои важни економски резултати до крајот на овој мандат на актуелната лабуристичка влада.




# Професор д-р Миле Терзиовски ќе се претстави на меѓународна конференција во Ирска



***Професор д-р Миле Терзиовски од универзитетот Свинбурн е поканет да презентира истражување на 31-та International Conference on Innovation and Product Development Management, од 5 до 7 јуни 2024 во Тринити Бизнис школата во Даблин, Република Ирска***

Трудот е насловен како подобрување на придобивките за иновации преку стратегија за *IPR* (законски права дадени на пронаоѓачот или креаторот за да го заштитат својот изум или создавање за одреден временски период), и практики за учење во производствените фирми. Трудот беше заеднички развиен со професорот **Паскал Корбел** од Универзитетот во *Париз*.

Професорот **Терзиовски** неодамна беше рангиран од универзитетот *Стенфорд* во 2023 година во првите 2% од највисоките научници во светот од областа на деловното управување, за влијанието врз цитацијата во кариерата и рангирањето на влијанието на цитирањето за време на календарска 2022 година.

## СООПШТЕНИЕ

Пензионерската група на ветераните и пријателите од *Томастаун* ги известува сите свои членови дека организира дводневен излет на 15 и 16 јуни. Ќе се оди до *Хиткот, Ечука, Баруга, Јаравонга* и *Шепартон* со спиење во *Баруга*.

Се тргнува во сабота, на 15 јуни од 7:15 наутро од *Main St. Thomastown* (кај базените). Местата се ограничени, за повеќе информации кај: **Косте 0431 360 291**; **Ило 0409 170 812** и **Вера 9466 2094**

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

# Меѓународниот кривичен суд побара апсење на Нетанјаху и на лидерот на Хамас



Меѓународниот кривичен суд бара налози за апсење на израелскиот премиер **Бенјамин Нетанјаху** и на лидерот на **Хамас Јахја Синвар** под обвинение за воени злосторства и злосторства против човештвото поради нападите врз *Израел* на 7 октомври и последователната војна во *Газа*, изјави главниот обвинител на судот **Карим Кан** за *Си-Ен-Ен*.

*„Постојат разумни основи да се верува дека израелскиот премиер Нетанјаху сноси кривична одговорност за воени злосторства и злосторства против човештвото"*, рече обвинителот на Меѓународниот суд на правдата. **Кан** рече дека *МКС* бара и налози за апсење на израелскиот министер за одбрана **Јоав** *Галант*, како и за двајца други водачи на *Хамас* - **Мохамед Диаб Ибрахим ал-Масри**, водачот на бригадите *Ал Касем* и попознат како **Мохамед Деиф** и **Исмаил Ханија**, политички лидер на *Хамас*. Одлуката го става Нетанјаху „во друштво" на рускиот претседател **Владимир Путин**, по кого *МКС* издаде налог за апсење поради војната на *Москва* против *Украина*, јави *Си-Ен-Ен*. Судски панел ќе го разгледа барањето на **Кан**. Израелскиот премиер **Бенјамин Нетанјаху** на 26 април рече дека *Израел „никогаш нема да прифати каков било обид на Меѓународниот кривичен суд да го поткопа неговото вродено право на самоодбрана"*.

Истрагата на Меѓународниот кривичен суд опфаќа наводи кои датираат од војната во *Газа* во 2014 година, како и израелската изградба на еврејски населби на окупираната територија што Палестинците ја сакаат за нивната идна држава.

## САД разгледуваат санкции за судот во Хаг



Крајно невообичаено е тоа што *САД* размислуваат за санкции против *Меѓународниот кривичен суд (МКС)*, чиј обвинител побара налози за апсење на израелскиот премиер **Бенјамин Нетанјаху**, неговиот министер за одбрана и тројца лидери на *Хамас* за наводни воени злосторства. Обвинителот на *МКС*, **Карим Кан**, во изјавата објавена по повеќе од седум месеци војна во *Газа* рече дека има разумна основа да верува дека петтемина мажи носат кривична одговорност за наводни воени злосторства и злосторства против човештвото.

Американскиот претседател **Џо Бајден** го нарече правниот потег срамен, а државниот секретар **Антони Блинкен** предупреди дека тоа може да ги загрози преговорите за договор за заложници и прекин на огнот. Некои американски претставници ги повикаа *САД* да воведат санкции против судот. Во 2020 година *Соединетите Држави* воведоа санкции против обвинителот на *МКС*.

*„Ситуацијата во која САД имаат став и подготвеност да го користат методот на санкции, дури и против Меѓународниот кривичен суд, е повеќе од невообичаена"*, изјави за новинарите портпаролот на *Кремљ*, **Дмитриј Песков**.

Во март минатата година *МКС* издаде налози за апсење на претседателот **Владимир Путин** под обвинение за воени злосторства. Руските власти оценуваат дека налогот за апсење на **Путин** е бесмислен обид на Западот да го наруши угледот на *Русија* и да го негира извршувањето на воените злосторства во Украина.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### КУМОТ НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА СО АПЕЛ ДО ВЛАДИТЕ:

# Парите ќе одат кај богатите, многумина ќе останат без работа



Компјутерскиот научник кој се смета за *„кум на вештачката интелигенција"* вели дека владата ќе мора да воспостави универзален основен приход за да се справи со влијанието на вештачката интелигенција врз нееднаквоста.

Професор **Џефри Хинтон** изјави за *BBC* Newsnight дека ќе биде потребна реформа за бенефиции со фиксни износи на готовина за секој граѓанин бидејќи тој е *„многу загрижен поради тоа што вештачката интелигенција ќе преземе многу секојдневни работни места"*.

*„Ме консултираа луѓе во Даунинг стрит и ги советував дека универзалниот основен приход е добра идеја"*, рече тој.

Тој рече дека иако чувствува дека вештачката интелигенција ќе ја зголеми продуктивноста и богатството, парите ќе одат кај богатите *„а не кај луѓето чии работни места ќе се изгубат и тоа ќе биде многу лошо за општеството"*.

Професорот **Хинтон** е пионер на невронските мрежи, кои ја формираат теоретската основа на сегашната експлозија во вештачката интелигенција. До минатата година работеше во *Google*, но го напушти технолошкиот гигант за да може послободно да зборува за опасностите од нерегулираната вештачка интелигенција.

Концептот на универзален основен приход значи дека владата на сите поединци им плаќа одредена плата без оглед на нивните можности.

Критичарите велат дека тоа би било исклучително скапо и би го пренасочило финансирањето од јавните услуги, додека не мора да помогне во ублажувањето на сиромаштијата. Владиниот портпарол рече дека *„нема планови за воведување универзален основен приход"*.

Професорот **Хинтон** ја повтори својата загриженост дека се појавуваат закани на ниво на човечко истребување. Случувањата во текот на минатата година покажаа дека владите не се подготвени да ја зауздаат воената употреба на вештачката интелигенција, рече тој, додека конкуренцијата за брзо развивање производи значеше дека постои ризик технолошките компании да *„не вложат доволно напори за безбедноста"*.

Професор **Хинтон** вели: *„Мојата претпоставка е меѓу пет и 20 години од сега, постои веројатност дека ќе треба да се соочиме со проблемот на вештачката интелигенција која се обидува да ја преземе власта"*. Ова би довело до *„закана на ниво на истребување"* за луѓето бидејќи можевме *„да создадеме форма на интелигенција што е само подобра од биолошката интелигенција... Тоа е многу загрижувачки за нас"*.

*Вештачката интелигенција може да „еволуира"*, рече тој, *„за да добие мотивација да направи повеќе од себе"* и *може автономно „да развие подцел за добивање контрола"*.

Тој рече дека веќе има докази за големи јазични модели – еден вид алгоритам за вештачка интелигенција што се користи за генерирање текст – изборот да биде измамен. Тој рече дека неодамнешните апликации на вештачката интелигенција за генерирање на илјадници воени цели се *„тенкиот крај на клинот"*.

*„Она за што најмногу ме загрижува е кога тие можат автономно да донесат одлука да убиваат луѓе"*, рече тој. Професорот **Хинтон** рече дека нешто слично на Женевските конвенции – меѓународните договори кои воспоставуваат правни стандарди за хуманитарен третман во војна – можеби ќе бидат потребни за да се регулира воената употреба на вештачката интелигенција.

*„Но, мислам дека тоа нема да се случи додека не се случат многу непријатни работи"*, додаде тој.

Запрашан дали Западот учествува во трка по моделот на проектот *Менхетен*, осврнувајќи се на истражувањето на нуклеарното оружје за време на Втората светска војна, со автократии како *Русија* и *Кина* во воената употреба на вештачката интелигенција, професорот **Хинтон** потсети на изјавата дадена од рускиот претседател **Владимир Путин**. пред неколку години: *Тој што ја контролира вештачката интелигенција го контролира светот"*.

*„Претпоставувам дека се трудат многу. За среќа, Западот е веројатно многу пред нив во истражувањето. Веројатно сме уште малку пред Кина. Но, Кина инвестира повеќе ресурси. И затоа во однос на воената употреба, мислам дека ќе има трка"*, одговори **Хинтон**, заклучувајќи дека подобро решение би било да се забрани воената употреба на вештачка интелигенција.






## Германската индустрија ги губи пазарите во Европа и светот



На германските индустриски компании им е сè потешко да се натпреваруваат на европските и странските пазари, покажа истражувањето на институтот *IFO*. Германските компании во индустрискиот сектор се жалат на губење на пазарите во *Европската унија* од третиот квартал на 2022 година и во остатокот од светот од првиот квартал на 2022 година, покажува месечното истражување на институтот со седиште во *Минхен*.

*„Германската индустрија сè потешко конкурира"*, вели водачот на истражувањето на *IFO*, **Клаус Вохрабе**. Речиси сите индустрии известиле дека нивната конкурентна позиција се влошила во првиот квартал од 2024 година во споредба со претходните три месеца. Единствен исклучок се фармацевтската и дрвната индустрија, со исклучок на производителите на мебел, забележуваат истражувачите на институтот. На пазарите надвор од *ЕУ*, пак, единствен исклучок е индустријата за пијалоци. Сè повеќе германски компании се изложени на притисок и на нивниот домашен германски пазар, открива институтот. *„До крајот на 2022 година, повеќето компании речиси постојано постигнуваа добри резултати на домашниот пазар, но тоа се промени пред една година"*, открива институтот.

# РЕЖИСЕРКА ОД НОВ ЗЕЛАНД СНИМИ ФИЛМ ИНСПИРИРАН ОД „ПРЕД ДОЖДОТ“

И по 30 години, македонскиот филм „Пред дождот“ на Милчо Манчевски инспирира нови режисери насекаде низ светот.

Овој пат во Нов Зеланд, режисерката Лорен Тејлор во интервју за „НЗ хералд“ открива дека нејзиното дебитантско дело „Месечината е наопаку“ е инспирирано токму од македонскиот филм.

Таа кажува дека „Пред дождот“ првпат го гледала кога имала 17 години и работела во едно кино во Бруклин, предградие на главниот град Велингтон. Многу ѝ се допаднал и сѐ уште ѝ се допаѓа. Речиси 30 години подоцна, Тејлор се навраќа на филмот на Манчевски кога во истото кино ќе ја гледа премиерата на својот прв филм „Месечината е наопаку“ во кој е режисерка, сценаристка и актерка и кој како и „Пред дождот“ има три навидум неповрзани приказни.

– Филмот беше под влијание на многу нешта. Меѓу нив и филмот на Манчевски и неговиот заплет како Венов дијаграм – вели Тејлор.




Во годината кога најнаградувано дело во историјата на македонската кинематографија и едно од најголемите достигнувања на македонската култура воопшто слави 30 години од премиерата во септември 1994, не престануваат одгласите за овој филм на Манчевски.

Имено, во промотивното видео пред годинашното доделување на „оскарите“, холивудската актерка Глен Клоуз го избра токму „Пред дождот“, кој во 1995 беше номиниран за „оскар“ за најдобар странски филм, како дело што ја инспирирало да посака да ја посети Македонија.

– Постои филм што се вика „Пред дождот“ и е снимен во Македонија. Очигледно е многу стара (земја) и многу работи се случувале на таа почва. Никако да ми излезе од мислите – вели во видеото Глен Клоуз, која има рекордни осум номинации за „оскар“.

Во 1994, „Пред дождот“ освои „златен лав“ во Венеција на најстариот филмски фестивал во светот. Покрај „златниот лав“, „Пред дождот“ доби уште триесетина награди на светските фестивали, а беше и првиот македонски филм номиниран за „оскар“ во категоријата најдобар странски филм.

– „Пред дождот“ ја стави Македонија на светската мапа. Дела како ова ме одржуваат. Потсетник за благородноста што филмот може да ја досегне – напиша легендарниот филмски критичар Роџер Иберт за американската премиера на филмот во 1995.

„Пред дождот“ е вброен во 1.000 најдобри филма во историјата од страна на „Њујорк тајмс“, а на фестивалот во Венеција една од паралелните награди беше именувана според митот од филмот „Кругот не е тркалезен“. Во Фиренца се одржа меѓународна академска конференција посветена на филмот.

„Пред дождот“ е прикажан на над 100 фестивали, во редовна кино и ТВ-дистрибуција во над 50 земји на сите континенти. Во САД, реномираната „Крајтерион колекција“ го издаде видеото од филмот во едиција со класиците Бергман, Антониони, Тарковски, Бресон итн. „Пред дождот“ се предава на стотици универзитети, а во Италија е дел од задолжителната наставна програма во средните училишта. За филмот се објавени над 5.000 текста на педесетина јазици во светските медиуми. Во Кореја „Пред дождот“ се користеше во работни тетратки за изучување на англискиот јазик, а во САД и во Полска за изучување на македонскиот. „Пред дождот“ до ден-денес уште игра во кинотечните и фестивалските програми насекаде низ светот.

## хумор - хумор - хумор - хумор

Жената се враќа дома и го затекнува мажот во кревет со млада девојка. Пред да започне да го кара, мажот и рекол:

- Можеби ќе те интересира како дојде до ова? Излегувајќи од куќата сретнав млада девојка која изгледаше преморено. Ја одведов дома и и дадов јадење, она кое ти вчера го заборави во фрижидерот. Беше боса, па и ги дадов оние сандали кои ти не ги носиш затоа што не биле веќе во мода. И беше ладно па и ја дадов твојата јакна која ти ја купив за роденден а ти не ја носеше затоа што бојата не ти одговарала. Панталоните и беа искинати па и ги дадов оние твоите кои ти беа мали, нејзе и беа точни. Кога сакаше да си оди, ме праша: „Дали има уште нешто што твојата жена веќе не го употребува?“.



# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1815 Year 37 • Tuesday, 21 May 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот

AVIO TRAVEL

3/3a High St. Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4509
mobile 0401 686 979



## НЕ СМЕЕ ДА СЕ ДОЗВОЛИ ЗЛОУПОТРЕБА НА БАДЕНТЕРОВО ПРАВИЛО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ВЛАДА



ФЕДЕРАЛЕН БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА

## КОИ СЕ ПОБЕДНИЦИТЕ, А КОИ ГУБИТНИЦИТЕ

МИЦКОСКИ ЗА ДОГОВОРОТ ОД ПРЕСПА:



Нашиот и нивниот лидер се закараа без очи да си видат

## АКО МИЦОТАКИС СМЕТА ДЕКА НЕШТО ПРЕКРШУВАМЕ КОГА ВЕЛИМЕ МАКЕДОНИЈА, СЛОБОДНО НЕКА ТУЖИ ВО ХАГ

ЛАНИ „СВРТЕНИ“ ОКОЛУ A$1.5 МИЛИЈАРДИ ВО НЕДВИЖНИНИ

## НАЈМНОГУ СЕ КУПУВАЛЕ СТАНОВИ, ПА КУЌИ

ВЕЌЕ ПОДЕЛЕНИ: ШЕСТ МИНИСТРИ И СПИКЕРСКОТО ВО ПАРЛАМЕНТОТ ЗА „ВРЕДИ“?

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers



НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Мајката на Мбапе беше запрашана за новиот клуб - одговори кратко, но јасно!



Килијан Мбапе неодамна и официјално потврди дека заминува од ПСЖ, а негова нова дестинација би требало да биде Реал Мадрид.

Светските медиуми веќе подолго време пишуваат за неговото доаѓање во Реал Мадрид, а неговата мајка Фајза Ламари, која е и негов агент, одговори на прашањето во кој клуб Мбапе ќе ја продолжи кариерата. На забавата која некои ја опишаа како збогување на Мбапе од Париз, Ламари беше запрашана каде Мбапе ќе ја продолжи кариерата.

- Мислам дека веќе го знаете тоа, одговори ла таа кратко но јасно.

Мбапе оваа сезона одигра 47 натпревари во сите натпреварувања, постигна 44 гола и запиша 10 асистенции. За парискиот клуб одигра вкупно 307 натпревари и постигна 256 погодоци, откако дојде од Монако, во 2017 година.

Реал Мадрид објави дека на Мбапе нема да му дозволи да настапи за Франција на Олимпијадата поради клупски обврски.

# Иче заврши втор на трка во Португалија

Најдобриот македонски автомобилист Игор Стефановски – Иче стигна до уште еден подиум оваа сезона, откако заврши на второто место на трката во Португалија.



Иче заврши на втората позиција и додаде нови бодови во генералниот пласман. На претходните три трки дури два пати стигна до подиум, а во Шпанија беше четврти.

Стефановски минатата сезона ја заврши како европски шампион, но оваа година вози во друга категорија.

# Бараж битката на Вардар и Детонит ќе биде во Струмица



По завршнувањето на сезоните во Првата и Втората македонска фудбалска лига, остана само уште една непозната, а тоа е кој ќе биде последниот учесник во прволигашкото друштво.

Бараж натпревар за опстанок во елитата ќе игра најтрофејниот македонски клуб Вардар, а ривал ќе му биде екипата на Детонит Плачковица која брка историски пласман во ПМФЛ. Решавачкиот натпревар меѓу овие две екипи ќе се одигра на 26 мај.

Вардар и Детонит Плачковица ќе играат на стадионот „Благој Истатов“ во Струмица.

## РЕДОК ФЕНОМЕН:

# Одигра само 107 минути за Сити ама освои вкупно ЕДИНАЕСЕТ трофеи!




Манчестер Сити четврти пат во низа стана шампион на Англија и постави рекорд каков што нема ниту еден друг премиерлигаш, но „граѓаните“ во своите редови имаат и еден фудбалер кој го освои својот единаесетти трофеј, иако на теренот минал само 107 минути!

Се работи за искусниот голман, Скот Карсон, кој е дел од клубот веќе четири сезони, но досега има само два официјални настапи и најчесто е трет голман во тимот на Пеп Гвардиола. Англиските медиуми се шегуваат дека тој е новиот „GOAT“ или најдобриот на сите времиња, затоа што навистина е интересно што Карсон воопшто не добива шанса за настап, но во својата колекција има дури 11 трофеи, вклучително и еден од Лигата на шампионите.

Чуварот на мрежата пристигна во Сити во сезоната 2020/21, а претходно ги бранеше боите на Дерби Каунти, Виган, Вест Бромвич, Бурсаспор, Астон Вила, Чарлтон и Ливерпул. Кариерата ја започна во Лидс Јунајтед, а има и четири настапи за англиската фудбалска репрезентација.

Се чини дека неговиот престој кај „граѓаните“ полека завршува, но се шпекулира дека нема да ја заврши кариерата и ќе продолжи во новиот премиерлигаш, Ипсвич Таун, каде повторно ќе ја има улогата на резервен голман.

# Тиквеш го освои Купот на Македонија

Фудбалскиот клуб Тиквеш славеше во финалето на Купот на Македонија со 2:1 против Воска Спорт и испиша клупска историја.

Пред повеќе од 10.000 гледачи на арената „Тоше Проески“ во Скопје екипата од Кавадарци до водство стигна во 41. минута кога Кристијан Стојкоски беше прецизен од слободен удар.

Воска во второто полувреме тргна со неколку промени во обид да стигне до израмнување, но Луан Силва погоди за предност од 2:0 на Тиквеш.

Охридската екипа намали преку Шаркоски во финишот од средбата, но немаше сила и за втор гол. Реално гледано, Тиквеш беше далеку подобар противник и за прв пат успеа да го освои вредниот трофеј, и да се избори за учество во европските купови.



MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 14 КОЛО

# Престон Македонија – Булин Лајонс 3:2



Значајна победа во последните моменти од средбата и укнижени се три бодови за одржување на чекор со лидерот. Средбата се играше на врнежливо време но тоа не ја намали огнената поддршка што публиката им ја даваше на фудбалерите. Солиден почеток и предност даде голот во 20 минута на французот Везли Џобело за 1:0. Радоста кратко траеше бидејќи Лук Ловтс во 23 минута искористи забуна помеѓу одбраната и голманот и постигна необичен гол за 1:1.

За другите голови се чекаше второто полувреме и 70 минута кога нововлезениот во игра Конор Бел, со извонредна завршница донесе нова предност за Престон од 2:1. Повторно ја расипа веселбата Ловтс во 82 минута постигнувајќи израмнувачки гол за 2:2.

Следеа нервозни моменти на врнежливото време и се редеа удари кон голот на Престон Македонија. Кога сите мислеа дека натпреварот ќе заврши нерешено, во судиското продолжение супер замената Матју Вилан со глава ја смести нафрлената топка од слободен удар во мрежата за конечните 3:2.

Овој вторник сите патишта ќе водат кон стадионот на Престон Македонија во Резерво, на елиминациониот натпревар за Купот на Австралија со стариот лут ривал Саут Мелбурн. Средбата започнува во 20:00 часот и се очекува голема поддршка од верните навивачи.

Следниот натпревар е следната седмица в понеделник, на 27 мај, Престон Македонија гостува кај Мелбурн Виктори со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 33 |
| Престон Македонија | 30 |
| Норткот Сити | 24 |
| Вестерн Јунајтед | 23 |
| Бентли Гринс | 23 |
| Лангварин | 21 |
| Булин Лајонс | 17 |
| Брансвик Сити | 16 |
| Мелбурн Сити | 16 |
| Истерн Лајонс | 15 |
| Каролајн Спрингс | 15 |
| Кингстон Сити | 14 |
| Вереби Сити | 11 |
| Норт Џилонг | 4 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 14 КОЛО

# Хајделберг Јунајтед – Алтона Маџик Вардар



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 35 |
| Авондаел | 32 |
| Окли Канонс | 31 |
| Хајделберг Јунајтед | 30 |
| Хјум Сити | 27 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 24 |
| Алтона Маџик Вардар | 17 |
| Данденонг Сити | 16 |
| Мелбурн Најтс | 15 |
| Грин Гали | 15 |
| Данденонг Тандер | 12 |
| Манигам Јунајтед | 9 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Мореланд Сити | 6 |

Најдобар доказ дека екипата на Алтона Маџик Вардар е на добар пат да се пресели во горниот дел на табелата е кога ќе се земе бод од тим кој беше на второто место на табелата.

За сигурен почеток беше важен голот кој во 13 минута го постигна Бул Џаук за водство од 0:1.

Овој резултат беше одржуван се до 83 минута кога домаќинот преку Ион Аштон успеа да изедначи на конечните 1:1.

И подмладокот на Вардар имаше добар натпревар на Олимпик парк и успеа со десет играчи на крајот да слави победа од 4:5.

Во сабота, на 25 мај, Алтона Маџик Вардар ја пречекува екипата на Данденонг Сити со почеток во 18:15 часот.

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 15 КОЛО

# Централ Кост Маринерс – Рокдаел Илинден 1:2

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 35 |
| АПИА Лејкард | 34 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 33 |
| Блектаун Сити | 31 |
| Маркони | 31 |
| Сиднеј Јунајтед | 27 |
| Сент Џорџ Сити | 27 |
| Волонгонг Вулвс | 20 |
| Сиднеј Олимпик | 19 |
| Сент Џорџ Саинтс | 19 |
| Манли Јунајтед | 16 |
| НЈВ Спирит | 12 |
| Хилс Брамбис | 12 |
| Сатерланд Шаркс | 9 |
| Сиднеј | 8 |
| Централ Кост Маринерс | 7 |

Рокдаел Илинден победи на овој вечерен натпревар во гости над младиот тим на Маринерс за избивање на чело на табелата на средина од сезоната. Домаќинот дојде прв до водство преку Донатин Нијонкуру во 13 минута за 1:0. Рокдаел веднаш возврати со силен напад и неверојатна одбрана на целосно испружениот Дилан Пераиќ-Кулен го спречи Исак Дансо да постигне израмнување.

Практично повеќе од натпреварот се играше на половина на домаќинот кој очајно се обидуваше да ја задржи минималната предност.

Во второто полувреме се играше 49 минута кога Локлан Констабл го постигна голот за израмнување од 1:1. Истиот играч во 81 минута беше заслужен и за победничкиот гол за конечните 1:2.

Тренерот на Илинден, популарниот Пол Ди, рече дека победата над подмладокот на Маринерс е благодарение на создадениот голем број на шанси и дека е задоволен од резултатот.

- Академијата на Централ Кост Маринерс има многу таленти и добро се организирани што секако се покажа денес. Силна е конкуренцијата, нема лесни игри, рече Пол Ди.



Во недела, на 26 мај, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сент Џорџ Сити со почеток во 15 часот.




### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 8 КОЛО

## Балката – Стирлинг Македонија 0:3



Победа која беше повеќе од сигурна на гостувањето кај Балката кој е еден од кандидатите за испаѓање од лигата оваа сезона. За првиот гол се погрижи Александар Таневски уште во 7 минута.

Во второто полувреме Гилс Дејвис во два наврати ја тресеше мрежата на домаќинот во 55` и 73 минута за конечните 0:3.

Во сабота, на 25 мај, Стирлинг Македонија гостува кај подмладокот на Перт Глори со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 17 |
| Флореат Атена | 16 |
| Фриментл Сити | 16 |
| Вестерн Најтс | 15 |
| Перт Ред Стар | 14 |
| Бејсвотер Сити | 12 |
| Стирлинг Македонија | 12 |
| Армадел | 10 |
| Перт | 8 |
| Перт Глори | 8 |
| Балката | 5 |
| Инглвуд | 0 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 12 КОЛО

## Адамстаун Розбад – Бродмедоу Маџик 2:8



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас | 33 |
| Бродамедоу Маџик | 27 |
| Чарлстон Азури | 24 |
| Еџворт | 17 |
| Валентин | 16 |
| Маитланд | 14 |
| Њукастел Олимпик | 14 |
| Вестон Воркерс | 13 |
| Кукс Хил Јунајтед | 9 |
| Њу Ламбтон | 4 |
| Лејк Маквари | 3 |
| Адамстаун Розбад | 2 |

Кандидатот за испаѓање од лигата беше прегазен на домашен терен и доби вистинска лекција како се игра фудбал. Бродмедоу Маџик од почеток најави дека е дојден за победа и со головите на Бакер во 9` и 13 минута поведе со 0:2. Адамстаун Розбадс намали преку Давис во 24 минута на 1:2. Но после тоа се редеа голвите на Велс 33` и 43 минута и Смит во 34 минута за убедливи 1:5.

Во второто полувреме уште еден гол за домаќинот преку Фајковиќ во 50 минута за 2:5. Следеа три голови за Маџик преку: Стуардстон 68`, Бримора 80` и Инграм во 89 минута за конечните 2:8.

Минатава среда Бродмедоу Маџик забележа исто така висока победа во елиминациниот натпревар за купот на Австралија, совладувајќи ја екипата на Лејк Маквори со 1:6.

Овој вторник Бродмедоу Маџик ќе игра заостаната средба од осмото коло и ја пречекува екипата на Маитланд со почеток во 20 часот.

Потоа в петок, на 24 мај, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Лејк Макворi со почеток во 20 часот.

### ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 15 КОЛО

## Макартур Рамс – Сиднеј Македонија 0:2

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун Ренџерс | 35 |
| Булс Академи | 34 |
| Хакоа Сиднеј | 29 |
| Сиднеј Македнија | 29 |
| Блектаун Спартанс | 24 |
| Интер Лајонс | 24 |
| Кантербури Бенкстаун | 24 |
| Нордерн Тајгерс | 22 |
| НЈВ Универзитет | 20 |
| СД Раидерс | 20 |
| Бонириг Вајт Иглс | 20 |
| Ридалмер Лајонс | 16 |
| Макартур Рамс | 15 |
| Дулвич Хил | 11 |
| Данбар Роверс | 7 |
| Непеан | 5 |



Сигурна победа на гостувањето кај Макартур Рамс, а најзаслужен за тоа беше Мабиор Гаранг, тој ги постигна двата гола на средбата - во 73` и 86 минута. Сега Сиднеј Македонија е изедначен со бодови со третопласираната екипа на Хакоа.

Во сабота, на 25 мај, Сиднеј Македонија гостува кај Интер Лајонс со почеток во 19 часот.

## НЕПАЛЕЦОТ КАМИ РИТА ГО ИСКАЧИ МОНТ ЕВЕРЕСТ ПО РЕКОРДЕН 30. ПАТ, ВТОРПАТ ЗА ДЕСЕТ ДЕНА



Познатиот планинарски водич од народот Шерпа, Ками Рита, го искачи Монт Еверест по рекорден 30-ти пат, комплетирајќи го своето второ искачување овој месец. Ваков подвиг изведе и минатата година, кога двапати ја совлада највисоката планина на светот за помалку од една недела.

Првото успешно искачување оваа сезона го имаше на 12 мај, кога предводеше група странски планинари.

- Рита е добро и среќен што го поставил овој рекорд, изјави Мингма Шерпа од „Севн самитс трекс", која организира експедиции на Монт Еверест.

Рита, чиј татко бил меѓу првите шерпаски водичи, првпат се искачил на Монт Еверест во 1994 и оттогаш го повторил тоа сите години освен во 2014, 2015 и 2020. Тој е еден од многутемина водичи од народот Шерпа чии вештини и стручност се од витално значење за безбедноста и успехот на стотици планинари кои секоја година доаѓаат во Непал.



Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДНЕВЕН
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# КУП НА АВСТРАЛИЈА, 6 КОЛО
# ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА – САУТ МЕЛБУРН 2:5



Минатиов вторник сите патишта водеа кон стадионот на Престон Македонија во Резерво, на елиминациониот натпревар за купот на Австралија со стариот лут ривал Саут Мелбурн. Околу шест илјади навивачи вечерта следеа возбудлива средба во која беа постигнети седум голови. Престон Македонија дојде до водство буквално во првиот напад во 37 секунда, а стрелец беше Весли Џобело за 1:0.

Пред крај на првото полувреме Саут Мелбурн успеа да изедначи со голот на Рос Арчибалд на 1:1.

Во второто полувреме гостите направија серија и се редеа погодоците на Бранден 60` и на Маршал 74 минута за водство на Саут Мелбурн од 1:3. Надеж даде голот во 83 минута на Лук Џего кој го намали водството на 2:3.

Но за жал тоа беше само надеж бидејќи гостите постигнаа уште два гола, и тоа Микола 87` и Сојер во 90 минута за конечните 2:5.

И покрај големата желба на фудбалерите на Престон Македонија и бучната подршка на публиката на крај со овој пораз заврши годинашната надеж за понатамошно учество за купот на Австралија.

